АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

До:

- д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 16. 11. 2016 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 5669 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Трговско радиодифузно друштво РАДИО СЛОБОДНА МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје;

3. **Период опфатен со надзорот**: од 1 до 10 ноември 2016 година;

4. **Датум на извршување на надзорот**: 16 ноември 2016 година;

5. **Предмет на надзорот**:

   - **Член 75 став 1 од Изборниот законик** („Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма").
   - **Член 75-б од Изборниот законик** („Известувањето за редовните активности на државните органи, органите на општините и на градот Скопје, на државните институции и организации, како и за активностите на правни и на други лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања, во програмите на радиодифузерите и на Програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието на Република Македонија, во периодот од денот на распишување на изборите до нивното завршување не смее да биде во функција на изборно медиумско претставување на ниту еден политички субјект").
   - **Според член 196-в од Изборниот законик, член 75 и член 75-б се применуваат 100 дена пред денот на одржување на предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, кои ќе се одржат во 2016 година.**

6. **Констатации од надзорот:**

**Член 75 став 1 од Изборниот законик**

***Дневно-информативни емисии***

Не беше достигнат минималниот аналитички примерок од 2 часа. Во периодот од 1 до 10 ноември, евидентирани се вкупно – 1 час 36 минути и 32 секунди новинарски прилози за внатрешно-политички и за други актуелни општествени теми, емитувани во централните изданија на радио-дневникот од 16:30 часот, продуциран од Радио Слободна Македонија.

***<u>Посебни информативни емисии</u>***

*<u>Интервјуа</u>*

На 2 ноември во емисијата „Круг" (11 часот), емитувано е интервју со Цветин Чилиманов, а тема се претседателските избори во САД, со политички паралели кон македонскиот изборен процес. Реprизи се емитувани од 21 часот истиот ден и на 3 ноември од 1 часот по полноќ.

На 3 ноември во емисијата „Бројки" (11 часот), емитувано е интервју со Климент Поповски, претставен како (цитат): *„првиот човек на Агенцијата за супервизија на осигурувањето"*, а теми се: Светскиот ден на штедењето и Светскиот ден на осигурувањето. Реprизи се емитувани од 21 часот истиот ден и на 4 ноември од 1 часот по полноќ.

На 4 ноември, во емисијата „Пулт" (11 часот), емитувано е интервју со (цитат): *„политичкиот аналитичар и професор"* Александар Даштевски. Основната тема е зададена со констатација на новинарката (цитат): *„Последниот случај, случајот на Диме Спасов, покажа дека фабриките за афери, особено оние на СДСМ, работат со полна пареа. Поделбата на овластувањата помеѓу СДСМ и ВМРО ДПМНЕ во техничката Влада создава хаос и ги дерогира институциите, а навестена е исклучително валкана кампања во која нема да се бираат оружја за да се дискредитира политичкиот противник"*. Покрај персоналната заложба на проф. д-р Даштевски за одбрана на Спасов, тој го осудува настапот на Спасовски, министерот за внатрешни работи, (цитат): *„Сметам дека прес-конференцијата на Министерот беше пред да се објават снимките на Сител телевизија, и тој не знаеше што зборува. Значи, да кажеме дека треба да поднесе оставка е премалку. Затоа што тој ја злоупотреби полицијата за напад врз државен функционер."* Во другите делови, како многупати досега, и новинарот и гостинот, ја поврзуваат работата на СЈО (на вработени во ова обвинителство), и на активностите на т.н. „Шарена револуција", во функција на СДСМ (цитат): *„Сите работи се веќе исти, затоа јас не сакам да зборувам веќе, ова ќе биде последно во вашата емисија за Специјалното јавно обвинителство – тоа го таргетирам како еден орган кој треба да послужи во функција на добивање подобри резултати на опозицијата, бидејќи сите истраги што мислеа да ги покренат, ги најавуваше опозицијата на нејзините митинзи."* Интервјуто е репризирано од 21 часот истиот ден и од 1 часот по полноќ на 5 ноември.

На 7 ноември, во емисијата „Кворум" (11 часот премиерно, реprизи од 21 часот, и од 1 часот по полноќ на 8 ноември), емитувано е интервју со (цитат): *„универзитетскиот професор"* Тони Науновски. Теми се: Кандидатските листи за пратеници на СДСМ, изборната понуда на ВМРО ДПМНЕ и нејзините потенцијали за освојување 63 пратеника. Заклучоците од политиколошката анализа се дека СЈО и „Шарената револуција" се во политичка функција на СДСМ, а дека барањето на владејачката ВМРО ДПМНЕ за 63 пратеника е реално (цитат): *„Она што е многу поважно, а тоа е барањето на ВМРО ДПМНЕ да има 62-63 пратеника е апсолутно точно, и реално, па јас мислам дека и повеќе ќе има од шеесетина, тоа бидете сигурни, затоа што мислам дека сега веќе луѓето сфатија дека од друга страна има само евтини шпионски филмови, има само полициски местенки, има само хулигани, шарени, црпнати и дека таму нема практично програма и платформа, особено не идеолошка, или конкретни, реални, издржани проекти коишто ќе бидат подобри од овие коишто ги презентира и работи и делува ВМРО ДПМНЕ во изминативе години."*

На 10 ноември, во дел од емисијата „Бројки" (11 часот), емитувано е получасовно интервју со Слободанка Алексовска – „регионална директорка на Агенцијата за вработување за Скопје", а основната тема новинарски е поставена на следниов начин (цитат): *„Невработеноста постојано се намалува – колку мерките коишто се спроведуваа преку Агенцијата за вработување придонесоа за пад?"* Улогата на новинарката-водителка на емисијата е сведена на – тематски насочувач при презентација на работните зафати на Агенцијата, без каква било критичност во однос на прикажаната статистика, на социјалните и економските ефекти што произлегуваат од нејзините политики. Од гостинката, како претставничка на орган на државната управа, преку начинот на кој ѝ се поставени две прашања, всушност се бара да коментира,

односно - да потврди вистинитост, на економски проекти најавени од Груевски, лидерот на ВМРО ДПМНЕ (цитати):

- *„Лидерот на владејачката партија, Никола Груевски, најави 4 нови инвестиции коишто ќе отворат најмалку 1300 работни места. Ќе бидат лоцирани низ цела Македонија, не само во Скопје, една од компаниите ќе биде во Скопје. Од каков кадар ќе имаат потреба, и дали во моментов има во Македонија невработени кадри коишто ќе им одговорат на потребите на странските компании?";*

- *„Исто така Груевски најави и поголема застапеност на жените и во политиката и во приватните компании. Можете ли да ни кажете каков е соодносот во моментов? Дали има повеќе невработени жени или мажи, и од каков кадар се невработените, со какво образование?".*

*Други информативни програми*

Во емисиите „НЗС", „Квинтесенција", „Поента" и „Радио бурек", емитувани и репризирани во периодот од 31 октомври до 7 ноември, македонската внатрешно-политичка сцена (*јавните одгласи за сообраќајните прекршоци на Спасов, дополнителниот заменик-министер за труд и социјална политика; предлог-листите за пратеници; тековната работа на СЈО; општествената улога на т.н. „Шарена револуција"; партискиот и институционалниот ривалитет меѓу ВМРО ДПМНЕ и СДСМ*) е дел од поширокиот опфат разнородни, глобално актуелни теми, со нагласка врз претседателските избори во САД. Општите политички заклучоци се сведуваат на повеќемесечна репетиција ставови што ја фаворизираат политиката на владејачка ВМРО ДПМНЕ, и јавна осуда на политичкото делување на опозицискиот СДСМ.

На 4 ноември, основна тема на емисијата „За дипломатијата со Никовски" се меѓуетничките – македонско-албански односи, и нивното влијание врз политичките изборни настапи на ВМРО ДПМНЕ, на СДСМ и на ДУИ, при што е направен кус историски преглед на владини мерки и на политички/партиски ставови, посебно во однос на државната политика за стимулирање на наталитетот, и прашањето за можната федерализација на Република Македонија. Емисијата е репризирана на 5 ноември од 4 часот по полноќ.

На 8 ноември, емисијата „Поента" (премиерно од 17 часот, репризно на 9 ноември од 4 по полноќ), е насловена (цитат): *„Партиски листи за спас од кривична одговорност"*, и се однесува на партиските листи на опозицискиот СДСМ. Нагласувајќи дека претставници на т.н. „Шарена револуција" и на „Студентскиот пленум" се ставени меѓу кандидатите од пратеничката листа на СДСМ, авторката на емисијата искажува експлицитно негативен став кон предизборните политики на оваа партија, став за кој е илустративен следниов цитат: *„Основната цел за нивното наоѓање на листите е да бидат преобратени од* 'no name' во 'name' *ликови, но за една употреба, и толку, за партијата да се раздолжи кон нив заради тоа што беа многу шарени во изминатиов период којшто помина. Секако на ликовиве ќе им остане задоволството дека со своето скромно студентско и фарбарско кодошко искуство ги засениле оние грлатите, оние жилатите, оние црвени соборци, ама тоа задоволство ќе биде со ептен краток рок. Она што ќе се памети на подолг рок е избликот на партиски гнев, на партиски револт, големото незадоволство од тоа како СДСМ ја води и внатрепартиската политика, но и надворпартиската политика. Се чини многу зла крв изроди оваа партија на злото, иако поинаква крв во СДСМ и не може да се очекува, се чини сега злото е отидено ептен далеку, јас би рекла дури и отаде плафонот."* Од друга страна, пак (цитат): *„Во оваа прилика секако би сакала да потсетам и на еден многу успешен собир којшто се одржа во неделата на ручек – станува збор за годишна конференција на Унијата на жени на ВМРО ДПМНЕ која се организираше во неделата, како и секогаш така и овојпат собирот беше полн со позитивна енергија, полн со многу убава енергија, која ја почувствуваа не само жените коишто беа внатре во 'Борис Трајковски', туку и сите*

*оние кои однадвор го гледаа целиов настан. На собирот, секако се обрати и Претседателот на партијата, со еден многу моќен, и многу народен говор, којшто ја отслика македонската реалност во којашто живееме еве веќе полни две години, а не по наша вина секако, по вина на опозицијата и на нивните сценаристи надворешни.“*

Дел од емисијата за тема ги има и претседателските избори во САД.

***Сектор за програмски работи***